Акционерско друштво за производство
на конфекциски производи
"МОДА"
Бр. 02 - 108
19.02 2025 год.
Свети Николе

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

АД „МОДА“ СВЕТИ НИКОЛКЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Назив на субјектот: **Акционерско друштво за производство на конфекциски производи „МОДА“ Св.Николе**

Седиште на субјектот: Ул.„Маршал Тито“ бр. 79 2220 Св.Николе

ЕДБ на субјектот: **4025996101620**

Во текот на 2024 година АД „МОДА“ оствари производни резултати кои се за 3% послаби од минатогодишните, истовремено оствареният девизен прилив од оствареният извоз е за 13% по добар од минатогодишниот.

Остварено е производство и извоз на 705.179 конфекциски производи во вредност од 3.866.050 ЕУР. Ваквиот извоз е за 13% по добар од минатогодишниот и се темели на зголемените цени за 16,6% во однос на минатогодишните.

Во 2024 година се остварени 482.080 ефективни работни часови , што е за 9,4% по малку од 2023 година.

Остварената продуктивност изразена преку остварен девизен прилив на еден работен час изнесува 8,00 ЕУР и е за 24,6% подобра од минатогодишната.

Сите овие резултати се остварени во една турбулентна година во која во првите три месеци имавме зголемена побарувачка и се боревме да пронајдеме работници за да одговориме на зголемениот интерес на купувачите. Од месец Април започна спротивен тренд на опаѓање на побарувачката, предизвикан од влошената економска состојба во Германија.

За жал ваквиот негативен тренд продолжува и во 2025 година, така од месец Март 2025 година сме соочени со падот на нарачките од 3.500 парчиња на 3.000 парчиња дневно.

И покрај ваквата лоша состојба со нарачките, што резултираше со намалување на бројот на работници и работни часови, сепак АД „МОДА“ годината ја завршува со позитивен финансиски резултат, со остварена нето добивка од 565.357 денари.

Приходите од работење се зголемени за 13%, додека расходите од работење се зголемени за 6%. Најголем раст кај расходите бележат трошоците за вработените кои се поголеми за 28,6%, во кои покрај платите големо влијание имаше исплатата на јубилејна награда за сите вработени кои имаат остварено нај малку 10 години работа во износ од 4.242.112 денари и исплатен регрес за годишен одмор во износ од 4.927.599 денари. Останатите трошоци од работењето бележат намалување за 70%.

ОСНОВНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

-Вкупниот збир на Активата/Пасивата во Билансот

На состојба на 31.12.2024 година..... 189.741.612 ден.

-Приходи од работењето..... 279.170.666 ден.

-Расходи од работењето..... 281.594.241 ден.

-Залихи на готови производи и на недовршено

Производство на почетокот на годината.....2.612.982 ден.

-Залиха на готови производи и на недовршено

Производство на крајот на годината.....5.412.928 ден.

-Финансиски приходи..... 314.641 ден.

-Финансиски расходи..... 125.655 ден.

-Добивка од редовното работење..... 565.357 ден.

ПРИМАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

1. Извршен директор Ангел Димитров, Нето плата од 2.096.801 денар, надомест за член на Одбор на директори 184.485 денари и Регрес за годишен одмор 8.199 денари.
2. Неизвршен директор Манфред Михалски, Нето плата од 583.417 денари, надомест за член на Одбор на директори 245.980 денари и Регрес за годишен одмор 16.398 денари.

3. Неизвршен директор Мара Саздовска, Нето плата од 262.404 денари, надомест за член на Одбор на директори 274.485 денари.
4. Независен член на Одбор на директори Владимир Стојанов, Нето плата од 858.323 денари, Надомест за член на Одбор на директори 120.000 денари и Регрес за годишен одмор од 16.398 денари.

Согласно член 42-а од Правилата за котација на Македонска берза АД „Мода“ не ги исполнува условите и не мора да го применува Кодексот за корпоративно управување за друштва котирани на Македонската берза.

Во текот на 2024 година вкупните инвестиции во движен и недвижен имот изнесуваат 56.272 ЕУР.

Целокупните средства со кои располага друштвото се во негова сопственост и во моментов друштвото нема потреба од никакви задолжувања кај банките или кај други кредитори.

Нај големиот ризик во работењето на друштвото е поврзан со фирмата KASAMODA од Германија и негативните тенденции на германскиот пазар многу се одразуваат на работењето на друштвото.

Во идниот период од големо значење е да се одржи производството според постојниот број на вработени и ако дојде до намалување на бројот на работници, тогаш да се задржат помладите и по добрите работници.

Не постојат средства во друштвото кои поради неадекватно мерење можат да предизвикаат влијание на финансискиот резултат или пак да предизвикаат скриени добивки или загуби.

Единствена судска постапка што ја води друштвото е тужбата спрема Управата за јавни приходи, која во првостепената постапка пред Управниот суд е во корист на друштвото, а во моментов друштвото подготвува нова тужба против решението во повторената постапка.

Св.Николе, 19.02.2025 год.

Извршен директор

Ангел Димитров